Совет на Општина Делчево
Број 09- 468/2
14.03.2024 година
Делчево

ЗАПИСНИК
од одржаната 33.седница
на Советот на Општина Делчево

Седницата се одржа на на 14.03.2024 година, во Мултимедијалниот со почеток во 09:20 часот.

На седницата присуствуваа сите 15 членови на Совет.

Отсутни немаше.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Гоце Попов, претседател на Советот кој за 33.седница го предложи следниот

Дневен ред

-Усвојување на Записник од 31.седница

- Усвојување на Записник од 32.седница

1.Предлог- Одлука за верификација на мандат на член на Советот на Општина Делчево;

Образлагач: Гоце Попов-Претседател на Советот на Општина Делчево.

2.Предлог-Одлука за измена и дополна на Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект стоваришта за складирање на стока на отворен/затворен простор зграда бр.2 по барање на Мара Маневска и Елизабета Џабирска бр.09-330/1 од 13.02.2024 година;

3.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Васко Михаилов;

4. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Лупчо Георгиев;

5. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Благојчо Мицевски;

6. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект објект бетонска база-помошен објект со вграден силос зграда бр.1 по барање на друштво за производство, транспорт, промет и услуги ЕУРО-БЕТОН ДООЕЛ извоз-увоз;

7. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект објект бетонска база-помошен објект со вграден силос зграда бр.2 по барање на друштво за производство, транспорт, промет и услуги ЕУРО-БЕТОН ДООЕЛ извоз-увоз;

8. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект објект бетонска база-командна кабина зграда бр.3 по барање на друштво за производство, транспорт, промет и услуги **ЕУРО-БЕТОН ДООЕЛ** извоз-увоз;

**Образлагач**:Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност.

9. Годишен извештај за реализирани активности од Годишната програма за 2023 на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата со Заклучок за усвојување;

10. Годишна програма за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево со Заклучок за усвојување;

**Образлагач**:Николина Петровска Мавродиева-Виш соработник за сообраќај.

11. Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на општина Делчево за период 01.01.2023 до 31.12.2023 со Заклучок за усвојување;

12. Измена на Буџетски календар;

13. Предлог-Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година;

14.Годишен извештај на Општина Делчево за 2023 година;

15. Завршна сметка на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година;

**Образлагач:** Ана Ситновска Димитровска-Раководител на Одделението за буџет и сметководство.

16.Годишна програма за млади на општина Делчево за 2024 година;

**Образлагачи**: Вања Ѓорѓиевска и Искра Ѓорѓиевска-претставници на Локалниот младински совет.

17. Полугодишен извештај на ООУ „Св.Климент Охридски“ за учебната 2023/24 со Предлог-Заклучок за усвојување;

18. Мислење на Програмата за реализација на ученичка екскурзија низ РСМ за ученици од трето одделение во ООУ „Св.Климент Охридски-Делчево;

19. Мислење на Програмата за реализација на ученичка екскурзија низ РСМ за ученици од шесто одделение во ООУ „Св.Климент Охридски-Делчево;

20.Мислење на Програмата за реализација на ученичка екскурзија низ РСМ за ученици од деветто одделение во ООУ „Св.Климент Охридски-Делчево;

**Образлагач**: Горан Димитровски-Директор на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево.

21. Завршна сметка на ООУ „Св.Климент Охридск“-Делчево за 2023 година со Заклучок за усвојување;

**Образлагач**: Катерина Величковска-Сметководител на ООУ „Св.Климент Охридски“

22.Годишна програма за одбележување настани и културни манифестации за 2024 година;

**Образлагач:** Даниела Такева-Советник за односи со јавноста и протокол на градоначалникот.

23 .Завршна сметка на ЈЛБ „Илинден“ за 2023 година со Заклучок за усвојување;

**Образлагач:** Марина Димитровска-Сметководител на ЈЛБ „Илинден“-Делчево.

24.Мислење на Програмата за реализација на ученичка екскурзија низ РСМ за ученици од трето одделение во ООУ „Ванчо Прке-Делчево;

25. Мислење на Програмата за реализација на ученичка екскурзија низ РСМ за ученици од шесто одделение во ООУ „Ванчо Прке-Делчево;

26. Мислење на Програмата за реализација на ученичка екскурзија низ РСМ за ученици од деветто одделение во ООУ „Ванчо Прке-Делчево;

27. Завршна сметка на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево со Заклучок за усвојување;

**Образлагач**:Горан Велков-Директор на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево.

28. Предлог-Одлука за измена на Одлуката за ревидирање и проширување на членовите на Штабот за заштита и спасување на општина Делчево;

**Образлагач:** Татјана Стојковска-Виш соработник за заштита на животна средина.

29. Завршна сметка на ОЈУДГ „Весели цветови“-Делчево за 2023 година со Заклучок за усвојување;

**Образлагач**: Маре Бошначка-сметководител на ОЈУДГ „Весели цветови„-Делчево.

30. Предлог-Одлука за престанок на мандат на член на Совет.

Претседателот отвори расправа по предложениот дневен ред и за збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека Советничката група на ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата поднеле писмено барање до претседателот на Советот со кое бараат сите образлагачи на точките по дневниот ред, како и раководителите и директорите да бидат присутни на седницата. Тој го праша претседателот дали се известени сите образлагачи и раководители за тоа барање и дали некој од нив најавил оптсуство?

Претседателот на Советот истакна дека сите се известени за барањето на Советничката група на ВМРО ДПМНЕ и сите најавиле дека ќе присуствуваат, единствено со допис, директорот на ЈКП „Брегалница“ го известил дека нема да присуствува на седница од оправдани причини и побарал точката да се симне од дневен ред.

Сашко Ивановски побара дневниот ред да се дополни со точка  расправа за проблемот со јавното осветлување бидејќи, според него, во архивата на Општина Делчево има околу  400 барања од граѓани кои повеќе од една година не се одговорени, а на граѓаните и после една година од донесувањето на одлуките на Советот за ослободување од такса за улично осветлување, се уште им се фактурира, односно се уште се задолжуваат.

Исто така тој предложи Советот да расправа и за тоа што до сега е преземено вр врска со овој проблем и што треба да се преземе во иднина со цел да се реши проблемот на граѓаните.

На крај, тој го праша претседателот на Советот дали е запознаен/информиран за патувањето и посетата на општинска делегација на Швајцарија, како и за целта на таа посета или службено патување.

Во врска со првите два предлога за дополнување на дневниот ред, претседателот на Советот рече дека не може на денешната седница да се расправа за овие два пшредлога бидејќи нема изготвено материјали и никој не е спремен за тоа. Инаку, Советот на Општина Делчево во рамките на своите надлежности има донесено одлуки за одлободување од задолжување со комунална такса за улично осветлување и тука неговата надлежност завршува. Согласно Законот за локална самоуправа, градоначалникот е надлежен за извршување/реализација на одлуките на Советот. Што се однесува до барањата од граѓаните, тој истакна дека сите барања кои биле до претседателот на Советот се одговорение и на сите им се доставени во прилог и одлуките

донесени од страна на Советот. Во врска со за патувањето и посетата на општинска делегација на Швајцарија, како и за целта на таа посета или службено патување, претседателот на Советот истакна дека не е информиран.

Иван Гоцевски рече дека во врска со предлозите на Сашко Ивановски кои се однесуваат на ослободувањето од улично осветлување, Советот секако треба да расправа, но прво треба да се свика седница на Комисијата за комунални работи и сообраќај, да се соберат потребните информации им надлежната комисија да донесе соодветни заклучоци и да предложи мерки. На првата наредна седница на Советот да се стави како точка и да се дискутира на таа тема.

Кирил Тренчевски рече дека Советот на општина Делчево си ја завршил својата работа и надлежност, донел соодветни одлуки. Реализацијата/извршувањето на одлуките не се надлежност на Советот, надлежноста е на градоначалникот и општинската администрација.

Бидејќи јикој друг не се јави за збор, расправата по дневниот ред беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, истиот беше усвоен.

Прва точка-Предлог- Одлука за верификација на мандат на член на Советот на Општина Делчево;

Образлагач по оваа точка беше Гоце Попов-Претседател на Советот на Општина Делчево и претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања. Тој рече до него е доставен допис од ОИК со кој го известуваат дека следен член на Советот од Листата на СДСМ и коалицијата кој го прифаќа мандатот е Илче Каранфиловски. Пред самата седница комисијата имала седница, ги разгледала сите доставени дописи, мкако и Уверението издадено од страна на ОИК и му предлага на Советот да ја донесе оваа одлука.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Едногласно со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за верификација на мандат на член на Советот на Општина Делчево.

По донесувањето на одлуката, претседателот на Советот го повика новоизбраниот член на Советот, Илче Каранфиловски да поднесе свечена заклетва (согласно член 38 од Законот за локална самоуправа).

По поднесувањето на свечената заклетва, претседателот на Советот од негово име и од името на советниците му го честиташе мандатот на советникот и му посака успешна работа.

Втора точка-Предлог-Одлука за измена и дополна на Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект стоваришта за складирање на стока на отворен/затворен простор зграда бр.2 по барање на Мара Маневска и Елизабета Џабирска бр.09-330/1 од 13.02.2024 година;

Точката ја образложи Г.Петровски кој рече дека на претходната седница била донесена Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект стоваришта за складирање на стока на отворен/затворен простор зграда бр.2 по барање на Мара Маневска и Елизабета Џабирска. Истата е објавена во Сл.гласник на Општина Делчево под број 09-330/1. Бидејќи во текстот на самата одлука е направен пропуст, односно не е вметната една катастарска парцела, има потреба истата одлука да биде изменета. Од тие причини на денешната седница е предложена оваа точка и тој предложи истата да биде донесена.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на ооштина Делчево ја донесе Одлуката за измена и дополна на Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект стоваришта за складирање на стока на отворен/затворен простор зграда бр.2 по барање на Мара Маневска и Елизабета Џабирска.

**Трета точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Васко Михаилов;**

Точката ја образложи Горан Петровски кој рече дека оваа одлука се однесува за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Васко Михаилов. Објектот се наоѓа на земјиште во приватна сопственост.

Претседателот отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

**Четврта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Лупчо Георгиев;**

И оваа точка ја образложи Г.Петровски кој рече дека се однесува на на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Лупчо Георгиев. Објектот се наоѓа на земјиште во приватана сопственост.

Претседателот отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

**Петта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Благојчо Мицевски**;

Точката ја образложи Г.Петровски кој рече дека и оваа одлука се однесува за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Благојќо Мицевски.Земјиштето е во сопственост на РСМ.

Претседателот отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

**Шеста точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект објект бетонска база-помошен објект со вграден силос зграда бр.1 по барање на друштво за производство, транспорт, промет и услуги ЕУРО-БЕТОН ДООЕЛ извоз-увоз;**

Во врска со оваа точка образлагачот истакна дека се однесува на потреба од донесување на УПД за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект објект бетонска база-

помошен објект со вграден силос зграда бр.1 по барање на друштво за производство, транспорт, промет и услуги ЕУРО-БЕТОН ДООЕЛ извоз-увоз.

Претседателот отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе и оваа одлука.

Седма точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект објект бетонска база-помошен објект со вграден силос зграда бр.2 по барање на друштво за производство, транспорт, промет и услуги ЕУРО-БЕТОН ДООЕЛ извоз-увоз;

Во врска со оваа точка образлагачот истакна дека се однесува на потреба од донесување на УПД за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект објект бетонска база-помошен објект со вграден силос зграда бр.2 по барање на друштво за производство, транспорт, промет и услуги ЕУРО-БЕТОН ДООЕЛ извоз-увоз. Земјиштето е во приватна сопственост.

Претседателот отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе и оваа одлука.

Осма точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект објект бетонска база-командна кабина зграда бр.3 по барање на друштво за производство, транспорт, промет и услуги ЕУРО-БЕТОН ДООЕЛ извоз-увоз;

Образлагач и по оваа точка беше Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност кој рече дека и оваа одлука се однесува за утврдување на потреба од донесување на УПД за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект објект бетонска база-командна кабина зграда бр.3 по барање на друштво за производство, транспорт, промет и услуги ЕУРО-БЕТОН ДООЕЛ извоз-увоз. Земјиштето е во приватна сопственост.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе и оваа одлука.

Деветта точка- Годишен извештај за реализирани активности од Годишната програма за 2023 на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата со Заклучок за усвојување;

Оваа точка ја образложи Николина П.Мавродиева која истакна дека овој извештај ги содржи најважните активности кои биле реализирани од страна на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата до крајот на 2023 година. Општинскиот совет во рамки на своите надлежности и во наредниот период ќе продолжи да ги спроведува активностите и кампањите по насоките зададени од страна на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата и Годишната програма за работа на ОСБСП Делчево.

Таа истакна дека Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево бил формиран со Одлука на Советот на Општина Делчево со бр.09-1135/1 од 12.05.2023 година, а Годишната програма за работа била усвоена од Советот на Општина Делчево со Заклучок бр.09-1413/1 од 01.07.2023 година. Активностите кои се наведени во овој Извештај се реализирани во периодот од месецот јули до крајот на месецот декември 2023 година. Во продолжение зборуваше за спроведените превентивни кампањи, Компаративната анализа 2022 и 2023 година, индикаторите за безбедност, иницијативите и препораките, како и финансиските средства потрошени за реализација на сите активности. Доколку имате прашања, повелете врече таа.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека извештајот е изготвен добро, истиот е јасен, прегледен, има доста податоци, но исто така фалат некои работи. Како забелешка тој ги наведе ударните дупки, како и оштетувањата на коловозите настанати од невремето минатата година кои останале несанирани 4 месеци. Потоа зборуваше за необележани/маркирани пешачки патеки и пешачки премини на повеќе места (кај училишатата, како и во близина на некогашната автобуска станица, Индустриска зона и др.) и истакна дека многу често се случува дефект на семафорите во Делчево и ја потенцираше опасноста по безбедноста на учесниците во сообраќајот , како и потребата истите постојано да бидат исправни и во функција.

Николина Петровска Мавродиева му се заблагодари на советникот за неговите прашања, но истакна дека Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчев работел повеќе превентивно во рамките на своите надлежности. Неговите забелешки во врска со вертикланата и хоризонталната сигнализација, како и крпењето на ударните дупки не се во надлежност на овој Совет туку на Одделението за урбанизам, поконкретно се однесуваат на реализацијата на Програмата за изградба и реконструкција на локални патишта и улици.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Едногласно со 15 гласа „ЗА“, Советот на општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за реализирани активности од Годишната програма за 2023 на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Десетта точка- Годишна програма за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево со Заклучок за усвојување;

Образлагач и по оваа точка беше Николина Петровска Мавродиева-Виш соработник за сообраќај. Таа истакна дека Годишната програма за работата на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево за 2024 година е изработена врз основа на законските надлежности на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, Деловникот за работата на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево, Одлуката за формирање на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево и Стратегијата за безбедност на патиштата со Акциски план за општина Делчево и е во функција на реализација на нејзините дефинирани задачи. Годишната програма на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата – Делчево предвидува реализација на активности за унапредување на сообраќајното воспитување и образование во училиштата и спроведување сообраќајно воспитни акции и манифестации, активности за унапредување на безбедноста на патиштата во Општина Делчево, активности за сообраќајно техничко уредување во сообраќајот, активности за заштита на ранливите категории на учесници во сообраќајот, превентивно – промотивни активности во безбедноста во сообраќајот, активности за научно-истражувачки работи од областа на безбедноста во сообраќајот на патиштата и други активности поврзани со безбедноста на сообраќајот во Општина Делчево. Бидејќи сите ја имате добиено оваа Програма и во интерес на времето, повелете со прашања, реше таа.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Едногласно со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево.

Единаесетта точка- Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на општина Делчево за период 01.01.2023 до 31.12.2023 со Заклучок за усвојување;

Образложение по оваа точка поднесе А.С. Димитровска која на почетокот му го честита мандатот на новиот член на Советот, Илче Каранфиловски и му посака успешна работа.. Во врска

со кварталниот истакна дека извршувањето на приходите во буџетот на Општина Делчево за перидот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година изнесува 92,7%, односно од вкупно планираните 352.121.715 денари реализирани се 326.449.832 денари. Процентот на реализација на тековно оперативните приходи е 93,2%, додека на капиталните приходи е 61,3%. Приходите во основниот буџет се планирани во износ од 126.845.582 денари а релизирани се 88,4% односно 112.139.401 денари. Во буџетот на наменска дотација од планирани 206.079.740 денари приходи , реализирани се 199.788.522 денари однсоно 97% . Во буџетот на самофинансирачки активности реализацијата на приходите е 58% , односно од планирани 12.824.000 денари реализирани се 7.401.860 денар.Кај буџетот на донации од планирани 6.373.393, реализирани се 7.120.049 денари или реализација од 112%.Од анализата на тековно-оперативниот биланс се гледа дека реализацијата кај група **71-**даночни приходи е 93% во основниот и во вкупниот буџет. И во оваа група најголема реализација има кај конто 711 (данок од доход, од добивка и од капитални добивки) од 119%, и конто717- даноци на специфични услуги (комуналии) со реализација од 101% Реализацијата на 72-неданочните приходи во вкупниот буџет е 94,4%, додека во основниот буџет е 81%. Групата 74-Трансферите и донациите на ниво на вкупен буџет се со реализација од 93,2 %, додека реализацијата во основниот буџет е 87%

Во капиталниот биланс,група 73-Капиталните приходи заклучно со 31.12.2023 година се наплатени во износ од 3.376.097 денари,од вкупно планирани 5.500.000 денари односно 61,4%. Во оваа група влегуваат приходите од продажба на градежно земјиште, од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата, понатаму надоместоци за концесии за експлоатација на минерални суровини и надоместоци за легализација .

Во врска со расходите таа истакна дека вкупните расходи во целиот буџет се планирани во износ од 352.121.715 денари. Од нив се реализирани 324.746.793 денари или 92,2%. Додека пак во основниот буџет од планирани 126.845.582 денари за расходи, реализирани се 111.730.367 денари или 88.

**На група 40-Плати, наемнини и надоместоци** за вработените-реализирани се 215.626.530 денари од вкупно планирани 218.224.150 денари или 98,8%, овде влегуваат платите, придонесите од плати и други надоместоци .Реализацијата на група **41-Резерви и недефинирани расходи** е 67%, овде влегува помошта на Општина Делчево за настраданите во земјотресите во Турција и Сирија.Реализацијата во **група 42-патни и дневни расходи** е 80,4%, односно од предвидени 55.998.813 денари потрошени се 45.024.690 денари, овде влегуваат расходите за патни и дневни расходи, комунални услуги, материјали и ситен инвентар,одржување, договорни услуги и други тековни расходи.**Во група 45- камати**, реализирани се 1.171.633 денари од планирани1.278.000 денари или 92%.**Кај група 46-Субвенции и трансфери,** реализацијата е 82,4% односно од предвидени 5.260.910 денари потрошени се 4.337.385 денари, овде влегуваат трансферите до невладини, спортски клубови, здруженија на граѓани и фондации, стипендии, плаќање по судски решенија и др. решенија.Реализацијата кај група **47-Социјални бенефиции е** 99%, односно од планирани 930.000 денари заклучно со 31.12.2023 потрошени се 923.772 денари.Овде влегуваат исплатите по основ на еднократна парична помош и помош за новороденчиња.Стопостотна реализација имаме кај група **49 отплата на главница,** тоа се обврски по основ на ануитети за земени кредити за доградба на градинката и за реконструкција на улици.

Капиталните расходи на ниво на буџет се со реализација од 80,5%, додека на ниво на основен буџет реализацијата е 83,3 %, односно од планирани 56.118.269 денари во основниот буџет реализирани се 46.777.144 денари. Во оваа расходна група влегуваат купување на опрема и машини, проекти за патишта, изградба на улици, реконструкција на капацитети за водоснабдување, изградба на други објекти, надоместоци за експропријација.

Надоместокот за експропријација е реализиран 72,2% заклучно со 31.12.2023 година, односно од планирани 2.000.000 денари, реализирани се 1.414.394 денари.

Доколку имате прашања, повелете, рече таа.

За збор се јави Иван Гоцевски која ја праша образлагачот на ставката 713 даноци на имот, колку средства се реализирани од физички,а колку од правни лица?

Ана С.Димитровска рече дека требало да се свика седница на Комисијата за финансирање и буџет пред одржувањето на оваа седница и да се поставaт сите прашања што ги интересираат советниците, а што се однесува конкретно за прашањето таа рече дека од физички лица се реализирани 6.556.072, а од правни лица 291.849 денари.

Иван Гоцевски праша зошто не се реализирани 4.464.000 денари од правните лица и кои мерки ги презема општината за поголем процент на наплата на тие средства и зошто реализацијата на буџетот на самофинансирачки активност е само 58%?

А.С. Димитровска рече како што е познато на сите, Општина Делчево е блокирана општина и работи со лимитирана сметка. Сите средства што се прибираат над тој лимит, се одливаат кон Гранит и затоа многу пати им се кажува на правните лица да не вршат уплата на тие средства со цел да не се одлијат од сметката на општината. Што се однесува до мерките кои ги презема општината, таа рече дека општината може да ги блокира сметките на граѓаните во секој момент.

Иван Гоцевски рече дека според податоците во овој извештај ¼ од буџетот на општината се потрошени за плати и надоместоци на општинскатаа дминистрација која со лошото менаџирање од страна на градоначалникот, во последните 6 години, не успева да работи во интерес на граѓаните на општина Делчево и да ги испорачува соодветните услуги до нив. Тој истакна дека нема да гласа за ваков извештај.

А.С.Димитровска рече дека погрешен е ставот на Иван Гоцевски дека ¼ се за плати на општинската администрација бидејќи тој правел споредба на податоци од основниот и вкупниот буџет. Таа рече дека анализата се прави на основниот буџет, а не на вкупниот бидејќи во вкупниот влегуваат платите на сите локални институции (гимназија, библиотека, градинка и двете основни училишта.

Иван Гоцевски рече дека податоците што тој ги кажал се податоци кои таа ги кажала во нејзиното образложение и за платите на администрацијата и за % на реализација на буџетот на самофинансирачките активности (58%).

Ана Ситновска рече дека во буџетот на самофинансирачки активности општината нема ингренеции, тоа се сопствени средства на локалните институции (школи, библиотека, градинка) и % на реализација зависи само од нив, не од општината. Исто така тој % зависи и од планот, ако лошо планирале и нема реализација, или % е мал, тоа е поради тоа што така планирале.

Оливера Ташевска праша која е причината за „нула“ реализација на ставката 482-системи за водоснабување, а Гоце Попов имаше забелешка зошто страните на извештајот не се нумерирани за да биде попрегледно за сите.

А.С.Димитровска рече дека реализацијата е нула бидејќи во 2023 година не се потрошени средства за таа намена.

Тони Стаменковски праша како е можно реализацијата на тековно-оперативните расходи во Програма Д0-Градоначалник да се реализирани 99.8%, а во Програмата А0-Совет на општина Делчево 91,6%, ако се има предвид дека за 2023 година нема исплата на надоместокот на советниците за присуство на седница?

Кирил Тренчевски рече дека во 2023 година со ребалансот во Програмата А0 на ставката надоместоци биле префрлени 300.000 денари и затоа реаализацијата на таа ставка е 91,6%.

А.С.Димитровска рече дека во 2023 година е исплатен неисплатен надомест за 2022 година и затоа има процент од 91,6%.

Бидејќи никој друг не се јави за гласање, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на општина Делчево за период 01.01.2023 до 31.12.2023.

Дванаесетта точка- Измена на Буџетски календар;

Во врска со оваа точка, А.С.Димитровска истакна дека од страна на Кинистерството за финансии добила Известување бр.11-11/2 од 11.01.2024 година, да се изврши измеана и допплнување на Биџетскиот календар со уште 2 буџетски активности што е и направено од страна на Одделението за буџет. Од тие причини на денешната седница е предложена Измена на претходно донесениот Буџетски календар, рече таа.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Иван Гоцевски кој предложи Предлог-буџетот да се доставува до членовите на Советот најдоцна во ноември како што е во некои општини и како што е предвидено во Статутот и Деловникот

Претседателот на Советот рече дека тој предлог е во ред, но нека каже образлагачот дали има реални услови за тоа.

Ана С.Димитровска рече дека буџетскиот циркулар и насоките од Министерството за финансии за изготвување на буџетот се доставуваат до општините во месец ноември и затоа не може предлог-буџетот да се достави до советниците во месец ноември. Ана с. Димитровска рече дека секој член на Советот може да побара одговор во врска со ова прашање или информација од јавен карактер и ќе му биде одговорено, а исто така може да направи и увид.

Иван Гоцевски праша како тогаш може во другите општини предлог-буџетот да се доставува порано, на пример град Скопје го доставува во месец ноември?

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, претседателот на Советот го праша Иван Гоцевски дали инсистира неговиот предлог да биде ставен на гласање?

На гласање беше ставен предлогот на Иван Гоцевски со кој тој пшредлага во Буџетскиот календар да стои дека: „Градоначалникот го доставува предлог- буџетот до советниците во месец ноември“.

Со 7 гласа „ЗА“ и 8 „ВОЗДРЖАНИ“, предлогот не беше прифатен.

На гласање бше ставена Измената на Буџетскиот календар.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за измена на буџетскиот календар.

Тринаесетта точка-Предлог-Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година;

И оваа точка ја образложи А.С.Димитровска која рече дека со оваа одлука се врши измена и дополна на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2024 година бр.09-2563/1 од 31.12.2023 година.Имено, во член 9 став 1 алинејата 1 се менува и гласи:
- коефициент за утврдување на плата на избраните и именуваните лица-Градоначалник се определува според бројот на жителите во општината , и за општина од 10.001 до 25.000 жители

коефициентот е 2,52, а основицата на која се пресметува е утврдена согласно Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Северна Македонија

Претседателот отвори расправа по точката

За збор се јави Иван Гоцевски кој праша дали платата на градоначалникот ќе се намали или останува иста.

Ана С.Димитровска рече дека со оваа одлука платата на градоначалникот ќе се намали.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА" и 7 „ПРОТИВ", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година.

Четиринаесетта точка-Годишен извештај на Општина Делчево за 2023 година;

Во врска со оваа точка, А.С.Димитровска која рече дека податоците во Кварталниот извештај и Завршната сметка се синтетизирани и се исти со пдатоците во овој извештај и затоа нема да има посебно образложение. Доколку имате прашања, повелете, рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката.

Петнаесетта точка-Завршна сметка на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година;

Образлагач по точката беше Ана Ситновска Димитровска-Раководител на Одделението за буџет и сметководство, која истакна дека Завршната сметка е консолидирана сметка на сите планирани приходи и расходи и тоа во: основниот буџет, буџетот на наменски дотации, буџетот на донации, самофинансирачките активности и буџетот на заеми или кредити, распоредени во соодветни програми и потпрограми.

Врз основа на член 33 од Законот за финансирање на ЕЛС и член 53 од Законот за Буџети, Советот на Општината ја донесува завршната сметка на буџетот на општината најоцна до 15-март во тековната година, и се доставува до Министерство за финансии најдоцна до 31 март во тековната година.

Од вкупно планираните приходи и приливи во буџетот на општината во износ од 352.121.715 ден. наплатени се 326.449.832 ден.односно 93% во вкупниот буџет или ако го анализираме основниот буџет од вкупно планираните 126.845.582 денари наплатени се 112.139.401 или изразено во проценти 88%.

Прегледот на поголемиот дел од остварените приходи во основниот буџет по позиции изгледа вака:

Во групата 71 даночни приходи реализирани се 51.220.997 денари и во нив влегуваат:

- Данок од доход -5.072.889
- Даноци од имот – 12.545.003 во кои влегуваат:
- Данок на имот од физички лица 6.556.072 ден.
- Данок на наследство и подарок 1.794.012 ден.
- Данок на имот од правни лица 291.849 ден.
- Данок на промет на недвижности и права 3.903.070 ден.

Даноци на специфични услуги 33.600.505 ден. во кои влегуваат:

- Комунална такса за истакната фирма – 1.227.500;
- Комунална такса за користење на улици со патнички и товарни моторни возила-1.345.400;
- Комунална такса за користење и оржување на јавно осветлување-15.056.130;
- комунална такса за користење на плоштади и др.простор -76.890;
- надоместок за уредување на градежно земјиште-15.890.313 ден.;

- паричнi казни од комунални прекршоци -2600

**Во групата 72-**неданочни приходи каде реализацијата на приходи е 1.788.123 денари, влегуваат следните потставки:

- глоби, судски и административни такси-517.670;
- такси и надоместоци-359.196
- други неданочни приходи-911.257

Капиталните приходи се наплатени во износ од 3.376.097 и во нив влегуваат:

- приходи од продажба на земјиште и намтеријални вложувања-814.092
- приходи од закуп на земјоделско земјиште-1.663.040
- надоместок за концесии и експлоатација на минерални суровини по простор-103.519
- надоместок за концесии и експолатација на минерални суровини по експлоатирана минерална суровина-521.964
- надоместок за утврување на правен статус на бесправно изградени објкети-269.921

Група 74-Трансфери и донации- се со реализација од 71.497.184 денари, овде влегуваат:

- датоциите на општината по основ на ДДВ-35.282.216;
- трансфери од буџетите на фондовите-3.347.032
- трансфери од други нивоа на власт-32.867.936

Од вкупно планираните расходи во буџетот за 2023 година, во износ од 352.121.715 денари, во вкупниот буџет реализирани се 324.746.793 денари или 92%, додека во основниот буџет од планирани 126.845.582 денари реализирани се 111.730.367 денари односно 88%.

Согласно економската класификација расходите се делат на:

- тековно оперативни и капитални расходи.

Во тековно оперативни расходи спаѓаат:

***40-Платите, наемнините и надоместоците на вработените***, во општината кои во основниот буџет се планирани во износ од **38.745.100** а се реализирани во износ од **36.845.340** ден. Истите зафаќаат **33%** од вкупно реализираните расходи во основниот буџет.

*** 41-резерви и недефенирани расходи** -Во рамките на буџетот на општината се планирани средства за непредвидени случаи како тековна буџетска резерва. Истите кај нас се планирани во износ од 150.000 ден. и се со реализација од 100.000 денари.

***42-Стоки и услуги** -Износот на стоки и услуги планирани во општинскиот буџет е **21.795.913** ден. од кои се реализирани **18.607.091** ден.(85%). Од нив патни и дневни **536.880 ден**.( **300.000** ден. во програма А0 се платени за екскурзија на наградените ученици-матуранти ), комунални услуги, греење, комуникација и транспорт во износ од 5.143.467, материјали и ситен инвентар во износ од 3.703.110 ден. (канцелариски материјали, списанија и весници, прехранбени продукти и пијалоци, средства за одржување на хигиена и други материјали ), поправки и тековно одржување во износ од 2.835.920, ( поправки и сервисирање на лесни возила, на поправки и одржување на друга опрема, поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема, одржување на улици и патишта и одржување на зелени површини), договорни услуги во износ од **1.773.430** ден.(правни услуги, плаќање на судски такси, изработка на просторни и урбанистички планови, и други договорни услуги), други тековни расходи **2.604.332** ден. (членарини во домашни организации, расходи за репрезентација, објава на огласи и други оперативни расходи и привремени вработувања во износ од **2.009.952** денари.

**-45-Каматни плаќања-** Износот на каматата исплатена по основ на земени кредити од МСИП-2 изнесува 1.171.633 денари, имено тоа се кредити земени за доградба на детска градинка Весели цветови и за изградба и реконструкција на улици и патишта.

-**46-Субвенции и трансфери** -Во основниот буџет се планирани во вкупен износ од **2.750.000** ден. а се реализирани во износ од **2.227.523** денари, од нив (трансфери до здруженија на

граѓани се реализирани во износ од **390.000** ден. и трансфери до спортски клубови реализирани се во износ од **465.750**. Разни трансфери планирани во износ од **1.460.000,** а реализирани во износ од **1.371.773** или 94%, (стипендии до студенти и ученици во износ од **438.500,** плаќање по судски решенија **405.896, трансфери при пензионирање 109.170.** и разни трансфери во износ од 418.207 денари.

**<u>-47-Социјални бенефиции</u>** планирани се во износ од **930.000** ден. а се реализирани во износ од **923.772** ден.од кои за новороденчиња **196.000** и еднократна помош во износ од **727.772** ден.

Покрај тековно оперативните во основниот буџет се планирани и капитални расходи во износ од **56.118.269** ден. а се реализирани во износ од **46.777.144** ден. или изразено во проценти **83,3%,** а во однос на вкупните расходи во основниот буџет процентот е **42%**.

Во **2023** година реализирани капитални расходи во износ од **46.777.144** ден., и тоа за : купување на Фолксваген Кеди –товарно возило; Изработка на новогодишни украси од железо; Изработка на новогодишни куќарки во градскиот парк; Обезбедување пристап до земјоделски патишта-Средни Бавчи; Поставување на Енергетски ефикасно осветлување во градскиот парк; Изградба на улици,тротоари и патеки на Градскиот зелен пазар; Изградба на потпорен ѕид на ул.Острец; Реконструкција на ул.Острец; Реконструкција на ул.Ванчо Прќе; Санација на дел од кров на Спомен дом АСНОМ; Реконструкција влез, влезен хол и на мала сала со сцена и галерија во Спомен дом АСНОМ; Реконструкциј на локален пат Л14 Делчево –с.Стамер; Реконструкција на дел од ПОУ Св.Климент Охридски во с. Тработивиште, крпење на дупки...

480140 - информатичка и видео опрема – 85.400 ден.,
480190-купување на друга опрема-286.726 (Велдарц-новогодишни фигури)
482110 - Изготвување на проекти -1.124.267 денари
482120 - Изградба на улици и патишта – 7.832.946 денари
482130 - Реконструкција на улици и патишта -7.656.818
482210 - Подготвување на проект за реконструкција на мост-141.600
482330-реконструкција на пречистителни станици и колектори-416.249
482710-Подготвување проекти,вклучувајќи дизајн на капацитети за водоснабдување-376.125
482730-Реконструкција на капацитети за водоснабдување-3.208.790
482910-подготвување проекти вклучувајќи дизајн на други објекти-851.746
482920-изградба на други објекти-12.374.768
482930-Реконструкција на други објекти-10.015.380
482940-Надзор над изградбата-461.937
485420-Надомест за одземен имот-1.444.394
486110-Купување на возила-500.000 (Фолксваген Кеди за струјари)
491190 - отплата на главница во износ од 5.077.864 денари
**45-Каматни плаќања-1.171.633 денари.**

**Шеснаесетта точка-Годишна програма за млади на општина Делчево за 2024 година;**

Образлагачи по оваа точка беа Вања Ѓорѓиевска и Искра Ѓорѓиевска-претставници на Локалниот младински совет. Вања Ѓорѓиевска во воведниот дел истакна дека Програмата за млади на Општина Делчево е направена според потребите и приоритетите на младите и претставува Програма која ги дефинира планираните активности на Локалниот младински совет на Општина Делчево. Областите кои се претставени како приоритети за решавање се добиени преку формални и неформални состаноци со Локалниот младински совет на Општината, како и Собранието на млади составени од членови предложени од повеќе организации кои делуваат на територијата на Општина Делчево.Со оваа Програма се очекува регулирање на односите помеѓу младите и сите други чинители во општеството со посебен акцент на локалната самоуправа и на Советот на општината како носители на политиките на локално ниво како и локалната заедница и бизнис -секторот кои треба да ја препознаат и унапредат положбата на младите, момќињата и девојчињата, односно на жените и мажите на локално ниво и во согласност со своите можности

да одговорат на нив.Изразите употребени во оваа Програма кои се родово определени се однесуваат еднакво на лица од машки и женски пол. Исто така таа зборуваше за целите на Програмата и истакна дека оваа Програма има за цел да обезбеди:

- Креирање и спроведување политика на млади на сите нивоа преку повеќесекторски пристап поаѓајќи од потребите и интересите на младите, вклучително и различните интереси кои произлегуваат од родовата припадност;
- Учество на младите во процесите на креирање политики за млади, нивно информирање, промоција и заштита на нивните интереси, како и поттикнување на волонтерство, младински активизам и младинска работа;
- Поттикнување личен, професионален и социјален развој на младите, како и давање поддршка и помош на локалните млади.

За отпочнување со реализацијата на Програмата, според нив , приоритетна задача би била отварање на М*ладински центар* кој ќе биде во согласност со Законот за младинско учество и политики и ќе претставува место, каде ќе се организираат работилници, дебати, формални и неформални дружби на младите со цел правилно искористување на голем дел од нивното слободно време, како и други активности за личниот, социјалниот и професионалниот живот на младите на локално ниво.

Еден од приоритетните проблеми детектирано од младинските претставници е младинската (не)информираност. За таа цел потребно е изнаоѓање функционални методи за комуникација и методи на информирање на младите. Активностите кои се планираат, како и настаните и новините треба да се достапни за младите. Општината на својата web страна и на социјалните медиуми ќе ги информира младите и ќе ги ажурира информациите и активностите поврзани со млади.

- Дополнително се планираат спроведување работилници, кампањи, креирање електронски групи ЛМС се со цел зголемување на информираноста, поголема вклученост на млади лица во реализација на идни активности.
- Општина Делчево е дел од проектите за млади ЊМладински активизам за позелени општини“ поддржан од Европската Унија и ReLOaD2 преку програмата на УНДП, со кои се очекува зајакнување на капацитетите граѓанското општество и младите. Единицата на локалната самоуправа игра клучна улога во спроведување на голем дел од барањата регулирани со националното законодавство и стратешките документи.
- Заврши постапката за формирање на нов Локален младински совет и Собрание на млади согласно Закон за младинско учество и младински политики, и беа верефицирани новите членови со нивните мандати од 2 години со можност за уште еден следен избор по истекот.

Активностите предвидени со оваа Програма ќе се финансираат од различни ставки во Буџетот на Општината и ќе се реализираат согласно можностите на Општина Делчево во рамки на тековните годишни програми на општината и во соработка со граѓанските организации кои работат на темата -млади. По потреба оваа Програма ќе се дополнува со активности за кои ќе се утврди дека се во согласност со целите на Програмата и Законот за младинско учество и младински политики. Освен со финансиски средства, Општина Делчево ќе ги помага активностите на младите:

- обезбедување стручна, техничка и други видови помош;
- учество на промотивни и протоколарни средби;
- покровителство;
- организирање дебати, кампањи, форуми, трибини и сл. на теми што се од интерес на младите.

За реализација на Програмата ќе бидат ставени на располагање сите човечки и технички ресурси со кои располага Општината.Во исто време активно ќе се работи на унапредување на соработката на сите младински организации и младински тела на локално ниво, како и

обезбедување означаен институционален фокус и финансиска поддршка за млади и од државните фондови.

Искра Ѓорѓиевска зборуваше за активностите на Локалниот младински совет и динамиката на нивната реализација при што истакна дека во наредниот период приоритетна цел е обезбедување канцеларија простор, временската рамка е април-јуни, а очекуван резултат е опремен и функционален младински центар. Како втора цел е спортски теретани, поставување спортски справи на отворено за правилно искористување на слободното време на младите-формални, неформални дружби. Очекуван резултат е зголемен интерес кај младите за спорт,здраво население.Како трета цел е обезбедување спортски активности  на отворено, активноста би била изградба на патека за трчање, а очекуван резултат е зголемен интерес кај младите за спорт. Четврта цел е едукативни кампањи за зголемување на свеста кај младите, кажи НЕ на наркотици, алкохолизам, булинг, здраво население, активноста би била интегративни, едукации,промотивни кампањи, а очекуван резултат зголемена одговорност, намалување на корисници на пороците кои ја демнат се повеќе младата популација, намалување на корисници на пороците кои ја демнат се повеќе младата популација, достапност за сите. Петта цел е зголемување на зелените површини.Младински активизам за позелени општини. Активноста е пошумување, а резултатот би бил зелена планета и здрав живот. Како последна шеста цел во оваа Програма е подобрување на тоалетите во гимназијата, активноста би била споделување на проблемот и потенцирање на неговата големина . Очекуван резултат би бил зголемена хигиена и решавање на можни потенцијални ризици (кои ја потврдуваат сериозноста на проблемот).

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Марио Скакарски кој им го честиташе на преставнилките на ЛМС изборот и верификацијата на нивните мандати. Во врска со Програмата истакна дека истата е одлична, конкретна со јасно поставени цели и активности и дека се надева оти целата ќе биде реализирана согласно  предвидената временска рамка. На крајот рече дека како член на Советот секогаш им стои на располагање за било какво прашања.

Иван Гоцевски им изрази благодарност на двете претставнички на ЛМС и им порача нивната енергија да ја пренесат и на другите млади во нашата општина. Тој исто така им порача дека Советот на Општина Делчево секогаш ќе биде на нивна страна и секогаш ќе ја имаат поддршката на Советот.

Тони Стаменковски рече дека Програмата на ЛМС за 2024 е одлично изготвена, истата е реална и одржлива, целите и активностите се во ред. Тој имаше забелешка и предложи Четвртата цел е едукативни кампањи за зголемување на свеста кај младите, кажи НЕ на наркотици, алкохолизам, булинг, здраво население, активноста би била интегративни, едукации,промотивни кампањи, да се одвива во текот на целата година бидејќи истата не е временски ограничена.

Вања и Искра ја прифатија забелешката на советникот.

Бидејќи никој друг не се јави за збор расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Едногласно со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа Програма.

**Седумнаесетта точка-Полугодишен извештај на ООУ „Св.Климент Охридски“ за учебната 2023/24 со Предлог-Заклучок за усвојување;**

Извештајот го презентираше директорот на ООУ „Св.Климент Охридски“ кој рече дека истиот е доставен до сите членови на Совет и се однесува за првото полугодите за учебната 23/24 година. Самиот извештај во себе ги содржи сите потребни податоци број на ученици, паралелки, наставници, успех (4,03), изостаноци, наставни и воинанставни активности, учество на натпревари и освоени награди, реализирани и тековни проекти, соработка со локалната заедница и сл.За сето тоа има изготвено регледи/табеларни прикази, а доколку советниците имаат дополнителни прашања, секако тој че даде одговор.

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа„ЗА“ и 7 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Полугодишниот извештај на ООУ „Св.Климент Охридски“ за учебната 2023/24.

**Осумнаесетта точка-Мислење на Програмата за реализација на ученичка екскурзија низ РСМ за ученици од трето одделение во ООУ „Св.Климент Охридски-Делчево;**

Единствено образложение по 18,19 и 20 точка даде директорот на ООУ „Св.Климент Охридски“ кој рече дека до сите членови на Советот се доставени програмите за изведување на екскурзии за трето,шесто и деветто одделние и се бара Мислење. Истите се изготвени согласно член 7 став 1 од Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта и за истите претходно има позитивно мислење од Бирото за развој на образованието и Советот на родители, како и Одлука од Училиштен одбор.

Претседателот отвори расправа по 18.точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево даде позитивно Мислење на Програмата за реализација на ученичка екскурзија низ РСМ за ученици од трето одделение во ООУ „Св.Климент Охридски-Делчево.

**Деветнаесетта точка- Мислење на Програмата за реализација на ученичка екскурзија низ РСМ за ученици од шесто одделение во ООУ „Св.Климент Охридски-Делчево;**

Претседателот отвори расправа по 18.точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево даде позитивно Мислење на Програмата за реализација на ученичка екскурзија низ РСМ за ученици од шесто одделение во ООУ „Св.Климент Охридски-Делчево;

**Дваесетта точка- Мислење на Програмата за реализација на ученичка екскурзија низ РСМ за ученици од деветто одделение во ООУ „Св.Климент Охридски-Делчево;**

Претседателот отвори расправа по 18.точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево даде позитивно Мислење на Програмата за реализација на ученичка екскурзија низ РСМ за ученици од деветто одделение во ООУ „Св.Климент Охридски-Делчево;

**Дваесет и прва точка-Завршна сметка на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за 2023 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка поднесе Катерина Величковска-Сметководител на ООУ „Св.Климент Охридски“ која истакна дека ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево 2023 година работела преку две сметки и тоа:сметка за наменска дотација 903 и сметка за сопствени приходи 787. Со наменската сметка се финансираат трошоците за плата, тековното одржување на објектите, опремата и превозот на учениците. Вкупно планирани средства за 2023 година биле 70.723.104 од кои се реализирани 70.196.385 или 99,3%. Тие се потрошени за нето плата - 45.225.072, за придонеси 17.534.688, за К-15 1.130.000, за бруто плата и надометоци 68.889.760, за патни и дневни 23.170, за комунални услуги и греење 3.119.022, за материјали и поправки 224.763. За поправки и тековно одржување 133.320. Договорни услуги- 1.234.781, други оперативни расходи 194.488, за разни трансфери 361.284, купување опрема и машини 925.505, изградба на други објекти 72.800, за книги и учебници 17.492. Вкупно расходи за 2023 70.196.385 денари.

На сметката за сопствени приходи 787 се прибираат средства од уплата за дупликат свидетелства или диплома, спонзорства, наем од издавање спортска сала, приходи од екскурзии,

кујна, матурска вечер, табло и сл. За 2023 година на оваа сметка биле планирани 234.000 денари од кои се реализирани/ 126.283 или 54%. Расходите биле планирани во износ 234.000 , а се реализирани 112.692 или 48,2%.

Доколку имате прашања, повелете, рече таа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Завршната сметка на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за 2023 година.

Дваесет и втора точка-Годишна програма за одбележување настани и културни манифестации за 2024 година;

Образлагач по оваа точка беше Даниела Такева-Советник за односи со јавноста и протокол на градоначалникот. Во врска со оваа точка таа истакна дека со донесувањето на системските закони за локалната самоуправа, а во контекст на процесот на децентрализација, општините добиваат и надлежност што се однесува на задоволувањето на културните права и потреби на граѓаните. Општинските културни активности и активностите на локалните културни установи и здруженија на граѓани во непосреден контакт со граѓаните многу попрецизно ги откриваат нивните културни потреби и формите за нивно задоволување, со што го прават културниот живот во општината побогат, поразновиден, подинамичен и поквалитетен.Програмата за одбележување настани и културни манифестации за 2024 година на Општина Делчево е во знакот на одбележување 80 години од ослободувањето на Делчево, како значаен јубилеј кој значи 80 години живот во слобода и раст и развој на Делчево. Програмата за култура е подготвена во координација со Комисијата за организирање настани и културни манифестации во Општина Делчево, локални институции од областа на културата и граѓански здруженија со примарна дејност во областа култура.

Доколку имате прашања, повелете, рече таа.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Годишната програма за одбележување настани и културни манифестации за 2024 година;

Дваесет и трета точка-Завршна сметка на ЈЛБ „Илинден“ за 2023 година со Заклучок за усвојување;

Образлагач по оваа точка беше Марина Димитровска-Сметководител на ЈЛБ „Илинден“-Делчево која рече дека ЈЛБ Илинден работи односно има две сметки и тоа Сопствени приходи и Наменска дотација. Сметката за Сопствени приходи е сметка на која се средствата од членарините од читателите во библиотеката.Во 2023год.на оваа сметка имаме приход од 101.500,00 ден.Расход во висина од 84.606,00 ден.,па добивката за 2023 год е 16.894,00 ден. Расходите на оваа сметка се по следните основи.

- Патни и дневни расходи во висина од 9.360,00 ден од кои за патни трошоци се 7.500,00 ден. и 1.860,00 ден за сместување.
- комунални услуги 10.500,00 ден-транспорт на луѓе.(Охрид,Кавадарци)
- Договорни услуги во висина од 1.610,00 ден-оваа се трошоци за банкарска провизија.
- Други тековни расходи во висина од 39.715,00 ден-од кои 11.545,00 ден за сминари и конференции и други оперативни расходи 28.170,00 ден зазавршна сметка,камати по основ на придонеси за задоцнета исплата на плата,и учествувавме во поправката на кровот во висина од 12.000,00 ден.
- Купување на опрема и машини во висина од 23.421,00 ден.-потрошени за набавка на персонален комјутер и монитор за работа на благајната-поради тоа што стариот се расипа.

Наменска дотација сметка која работи со буџет одобрен од Министерството за култура–во 2023 год имаше буџет во висина од 6.827.290,00 ден.кои ни беа одобрени од Министерството за култура 6.801.000 ден и тоа првиот дел од буџетот беше во висина 6.211.000,00 и вториот дел од буџетот одобрен во септември 2023год. со ребалансот на буџетот во октомври во висина од. 590.000,00 ден.кои ги имавме на користење од втората половина на октомври месец откако помина ребалансот на буџетот.На овој буџет од 6.6.801.000,00 ден беа додадени и средствата кои ни останаа од претходната година (додавањето на овие средства беше во Мај 2023г)во висина од 26.290.00ден така да ЈЛБ Илинден имаше вкупен буџет во висина од 6.827.290,00 ден за 2023 год.Од овие финансии искористивме и годината ја завршивме со потрошен буџет во висина од 6.807.460,00 ден.Од вкупниот буџет од 6.807.460,00 ден останаа неискористени средства во висина од 19.830,00 ден.(тие се од средствата планирани за плата)

Библиотеката во 2023 година, сметката за Наменска дотација ја заврши со потрошени 6.807.460,00 ден.кои беа распоредени на следниот начин

- По основ на плати за вработени се потрошени 6.044.628,00 ден. и 99.999,00 за регрес за годишен одмор(што значи дека за покривање на останатите трошоци за тековно работење ни останува 662.833,00 ден. Кои се распоредени по основ на трошоци на следниот начин
- По основ на стоки и услуги вкупно 470.606,00 ден.(од кои за патни трошоци 17.000).17.000,00 патни трошоци(два пати до Скопје за обука,три пати до Кочани-натпревар млади библиоекари,промоција на книга и за во трезор и еднаш за Штип),ком.услуги Комунални услуги-струја,вода ,тел,160.405,00ден-од овие трошоци најмногу отпаѓаат на ел,енергија 109.210,00ден.(нашите трошоци за струја во просек се околу 220.000,00 оваа година се помали зашто 120.000ден беа авансно платени на ЕВН во декември месец 2022 ),за вода 19.612,00 ден,за тел.30.581,00 ( околу 2.381,00 ден.тел и интернет и овде е уплатено еден месец однапред).
- Материјали и ситен инвентар 84.908,00 ден-канц.материјали 33.868,00 ден(12.000 ден претплата-значително помали од претходната година пари,разликата е 51.040,00 но тоа би го објаснила со тоа што претходната 2022 год.знаејќи дека секоја година средствата за матер.трошоци континуирано ни ги кратат секоја наредна годима имавме средсва кои останува и ги искористивме со купување на к.м-ли кои ни се неопходни за тековното работење),за списанија и весници 26,040,оо ден.(дневните весници и претплата за добивање на стручни списанија,и овде имаме намалување во однос на 2022 зашто на крајот од 2022 г ги уплативме средтвата за стручните списанија за цела 2023год однапредза с-ва за хигиена 25.000,ден ден,и овде имаме набавено со последната набавка средства за хигиена за првите 4 месеци оваа година,др.материјали 2.000 ден,
- Поправки и тековно одржување 42.316,00 ден-од кои за софтверско одржување 29.973,00 ден(одржување на програмата за сметководство и благајна,за фискалната,за хостингот за ВЕБ страната) и поправки и одржување на друга опрема 12.343,00 ден.(ПП апарати сервисирање, два пати годишно по 5.700,00и др за некоја ситна тековна поправка),
- Договорни услуги-88.445,00ден- -исплата на членови на управен одбор,плаќање на лице за одржување на веб страната,на лице за одржување на компјутерите,правењето на шалтерот за издавање на книгите.и за снимањена настаните и новостите во библиотеката односно за медиумско покривање.
- Други тековни расходи 77.532,00 ден -од кои,за чланарини во здруженија 2.000,00 ден,семинари и конференции 7.720,00 ден на други оперативни расходи 67.812,00 ден.плаќање на Централен регистар за завршна пресметка. купување на цвеќиња за подароци,ситни потреби за библиотеката,купување на подроци за сите настани кои библиотеката ги направи во текот на годината.
- Капитални расходи потрошени 282.227,00 ден.кои се состојат од
- -купување на друга опрема –опремување на канцеларијата на директорот 52.830,00 ден

- Вложувања во нефинансиски средства –тука е набавката на книги во библиотеката и се набавени книги во висина 229.397,00 ден.

  На крај само да сумираме библиотеката во текот на 2023 година има потрошено вкупно 6.807.460,00 ден од кои 6.144.627,00се потрошени за плати и К15,52.830,00 ден во набавка на опрема, набавени се книги во вредност од 229.397,00 ден., и остатокот од средства 380.606 денари се потрошени за тековна работа односно за сите оперативни и материјални трошоци.

  Претседателот отвори расправа по оваа точка.

  Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Завршната сметка на ЈЛБ „Илинден“-Делчево.

**Дваесет и четврта точка-Мислење на Програмата за реализација на ученичка екскурзија низ РСМ за ученици од трето одделение во ООУ „Ванчо Прке-Делчево;**

Единствено образлаожение по оваа точка и по 25. и 26.точка поднесе Горан Велков-Директор на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево која на почетокот му го честита изборот на новоизбраниот член на Советот на Општина Делчево и му посака успешна работа. Во врска со наредните три точки тој рече дека до советниците се доставени материјали – програмаи за изведување на ученички екскурзии за трето, шесто и деветто и дека истите се предвидени согласно Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта. Доколку имате прашања, повелете, рече тој.

Претседателот отвори расправа по 24.точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани нема и еден советник не гласал, Советот на Општина Делчево даде позитивно Мислење на Програмата за реализација на ученичка екскурзија низ РСМ за ученици од трето одделение во ООУ „Ванчо Прке-Делчево.

Претседателот отвори расправта по 25.точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани нема и еден советник не гласал, Советот на Општина Делчево даде позитивно Мислење на Програмата за реализација на ученичка екскурзија низ РСМ за ученици од шесто одделение во ООУ „Ванчо Прке-Делчево.

Претседателот отвори расправта по 26.точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани нема и еден советник не гласал, Советот на Општина Делчево даде позитивно Мислење на Програмата за реализација на ученичка екскурзија низ РСМ за ученици од деветто одделение во ООУ „Ванчо Прке-Делчево.

**Дваесет и седма точка-Завршна сметка на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево со Заклучок за усвојување;**

Оваа точка ја образложи Катерина Величковска која истакна дека ООУ „В.Прке“ Делчево 2023 година работела преку 5 сметки и тоа:сметка за наменска дотација 903. сметка за сопствени приходи 787., донациска сметка 603, донациска сметка 785-70 и донациска сметка 785-85.

Со наменската сметка се финансираат трошоците за плата, тековното одржување на објектите, опремата и превозот на учениците. Вкупно планирани средства за 2023 година биле 49.736.847 од кои се реализирани 48.978.913 или 98,3%. Тие се потрошени за нето плата 27.977.123, за придонеси 11.742.198, за К-15 740.000, за бруто плата и надоместоци 42.758.847, за патни и дневни 61.540, за комунални услуги и греење 3.047.251, за материјали и поправки 231.532. За поправки и тековно одржување 112.224. Договорни услуги 1.573, други оперативни расходи 162.320, за разни трансфери 407.187, купување опрема и машини вкупно 48.978.913 денари.

На сметката за сопствени приходи 787 се прибираат средства од уплата за дупликат свидетелства или диплома, спонзорства, наем од издавање спортска сала, приходи од екскурзии, кујна, матурска вечер, табло и сл. За 2023 година на оваа сметка биле планирани 263.437 денари од кои се реализирани/ 126.283 или 31,7%. Расходите биле планирани во износ 200.000 , а се реализирани 130.223 или 65,1%. Остварен е вишок на приходи од 133.214 денари, а во теблата ви се дадени расходните ставки на оваа сметка.

На донациската сметка 603 се финансираат трошоци за проекти од МОН и вкупните приходи на оваа сметка во 2023 година се 30.000 денари и се потрошени за други трансфери.

На донациската сметка 785 се финансираат трошоци за проекти и приходите се остварени во износ 8083, а се потрошени за канцелариски материјали.

На другата сметка 785 во 2023 година нема деловна активност.

Повелете со прашања, рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката

За збор се јави Иван Гоцевски кој побара одговор за што конкретно се потрошени 103.253 од ставката договорни услуги и во иднина да има споредбени податоци со претходни години.

Катерина Величковска рече дека ќе одговори писмено.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по точката беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“, 6 „ВОЗДРЖАНИ“ и 1 не гласал, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Завршна сметка на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за 2023 година.

**Дваесет и осма точка-Предлог-Одлука за измена на Одлуката за ревидирање и проширување на членовите на Штабот за заштита и спасување на општина Делчево;**

Образлагач по оваа точка беше Татјана Стојковска-Виш соработник за заштита на животна средина.

Оваа точка ја образложи Т.Стојковска која рече дека со оваа одлука се врши измена на Одлуката за ревидирање и проширување на членовите на Штабот за заштита и спасување на општина Делчево бр.09-219/1 од 30.01.2024 година, односно во членот 1 став 1 точка 15 се брише.

Претседателот отвори расправата по 28.точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 15 гласа„ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за измена на Одлуката за ревидирање и проширување на членовите на Штабот за заштита и спасување на општина Делчево;

**Дваесет и деветта точка-Завршна сметка на ОЈУДГ „Весели цветови“-Делчево за 2023 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач мпо оваа точка беше Маре Бошначка-сметководител на ОЈУДГ „Весели цветови„-Делчево која рече дека во 2023 година детската градинка работела со две сметки и тоа:сметка за наменска дотација и сметка за сопствени приходи.

На сметката за наменска дотација во 2023 година се остварени приходи во износ од 24.641.416,00 денари кои се потрошени за следните намени:основни плати 16.682.607, ком.услуги, греење, комуналии и транспорт 489.127, ситен инвентар и алат 299.774, поправки и тековно одржување 49.960, договорни услуги 250.000 и исто толку се потрошени во износи дадени во табеларниот преглед.

На сметката за сопствени приходи во 2023 година се остварени приходи во износ 12.748.401 денар од кои 6.182.565 се останати приходи од 2022 година и 6.565.836 се приходи од 2023 година. Во 2023 година се потрошени 6.797.320 за следните намени:патни и дневни 2.000, ком.услуги греење, комуналии и транспорт 1.673.177, ситен инвентар и алат 3.142.716, поправки и тековно одржување 18.544, договорни услуги 309.890, други тековни расходи

146.594, привремени вработувања 1.500.000 денари, купување опрема и имашини 4.399 и исто толку се потрошени во износи дадени во табеларниот преглед.

Претседателот отвори расправа.

За збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека 1,5 милиони денари се потрошени исклучиво за партиски вработувања на ставката 427 за привремени вработувања и ја праша образлагачот дали е тоа точно?

Маре Бошначка рече дека во детската градинка се вработуваат луѓе/кадар кои се потребни и сите тие не обавуваат партиски функции, секој си ја работи својата работа.

Иван Гоцевски ја праша директорката дали е точно дека на 21.03.2024 година е склучен договор со АПВ ПАВ ДЕПОВ во траење од 9 месеци со вредност од 1,5 милиони денари со вклучен ДДВ (податок кој е прикажан и во Завршната смретка) со што потврдувате дека врвен приопритет и во 2023 година е згрижување на партиски кадри во градинката?

Исто така тој ја праша директорката зошто токму во 2023 година се одлуќила да распише тендер за привремени вработувања, а пред тоа ги ангажирала лицата со договор за дело и плаќала милионски суми за договорни услуги кршејќи го Законот за јавни набавки? Потоа дали побарала правен совет дека има законско право да потроши јавни пари во износ од 12 .000 евра во денарска противвредност без јавен тендер за разни постапки и плашејќи се од одговорност сте одлуќиле во 2023 година да распишете тендер?

Тој пара дали аналитиката 421110 комунални услуги, сметководствено е евидентиран одливот од 50.000 денари од самофинансирачките активности на сметка на изврштел Горан манијловс, за што било тоа извршно решение по кое се исплатени тие средства?

На крајот, тој рече дека е срамно да не се потроши ниту еден денар за нови постелнини на децата , како и униформи и обувки на вработените, а парите да се трошат за партиски вработувања (1,5 милиони денари), за инвентар 21.140 и рекордни 309.890 за договорни услуги?

Маре Бошначка рече дека на некои прашања ќе достави писмен одговор, а во врска со одливот од 50.000 денари на 421110 комунални услуги, таа рече дека секако дека е евидентиран.

Директорката на градинката рече дека е добро тоа што советникот е загрижен за работата на детската градинка и работата на оваа институција, но истакна дека голем дел од тоа што било кажано не е точно. Јавната набавка за која тој зборува е планирана со Годишниот план и е согласно Законот, што се однесува до тоа дека нема набавено инвентар за девцата и постелнини таа кажа дека градинката по потреба и континуирано набавува се, и креветчиња за децата и постелнини и друга опрема од која има потреба. Сите 300 деца се вакцинирани, а за сите нив мора да има и луже кои што се грижат за нив и затоа има и вработувања. Во некои групи мора да бидат ангажирани по 2 негователки бидејќи сите групи се со поголем број на деца од законски дозволениот, не може со 27 дечиња да работи еден неговател. Во градинката нема лица кои седат на работните еста и само чекаат плата, сите вработени се ангажирани масимално. Она што не е во ред во вашата дискусија е тоа што секогаш зборувате само за детската градинка, има и други институции во коис е потрошени огромни суми и за договорни улуги и за привремени вработувања, ама Вие молчите, само за градинката прашувата и постојано критикувате. Потребата од вработувања во градинката е голема, има 89 деца на Листа на чекање, и сами знаеме дека 1 или 2 деца ни се тешки за чувања , а не 27 па и повеќе, рече таа.

Сашко Ивановски реагираше на тонот на дискусијата на директорката, а што се однесува до прашањата на Иван Гоцевски сите се конкретни, јасни и прецизни и треба да се одговорат.

Иван гоцевски рече дека ќе побара информации од јавен карактер, а К.Треншевски рече дека не е во ред да се зворува за партиски вработувања во градинката и го праша Иван Гоцевски дали неговите деца се згрижени од партиски вработено лице?

Бидејќи никој друг не се јавуваше за бзор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“, 6 „ПРОТИВ“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок з аусвојување на **Завршна сметка на ОЈУДГ „Весели цветови“-Делчево за 2023 година.**

**Триесетта точка- Предлог-Одлука за престанок на мандат на член на Совет.**

Во врска со оваа точка, претседателот на Советот информираше дека до него како претседател на Советот и на Комисијата за мандатни прашања е доставена Изјава од советничката Јасмина Ќурчиска дека од лични причини поднесува оставка на функцијата член на Совет и од тие причини е изготвена оваа одлука. Исто така е одржана и седница на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања

Тој отвори расправа по точката.

За збор се јави Јасмина Ќурчиска која им се заблагодари на колегите советници за досегашната соработка и истакна дека ѝ било чест да биде член на Советот и тоа што во тој мандат со нејзиниот предлог и неговото прифаќање за с. Вирче успеала да издејствува решавање на проблемот со водоснабдувањето.

Сашко Ивановски ѝ посака среќа и успех на колешката во иднина и вети дека ќе се залага нејзинот предлог целосно да се реализира и да се реши проблемот со водоснабдувањето во с. Вирче.

Бидејќи никој друг не се јави збор, расправата по точката беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ истата беше донесена.

Со исцрпувањето на дневниот ред, 33.седница на Советот заврши со работа во 12:50 часот.

Записникот го водела

Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Претседател,

Гоце Попов